# СТРАТЕГИЈА ЗА ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА НА УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП 2020 - 2022

## 1. Вовед

Интернационализација на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип базира на традицијата и е водечка амбиција, но пред се таа е потреба на универзитетот. Интернационализацијата во високото образование е повеќе од мобилност на студентите и професорите, таа преставува вклучување на универзитетите во динамичниот свет во кој живееме, во рапидниот развој на знаењето, креативноста и иновацијата. Таа е од круцијална важност за квалитетот во наставата и науката.

Стратегија за интернационализација има за цел да ги надгради достигнувањата од минатото со понатамошно развивање на јаките страни на универзитетот и воспоставување на нови насоки за идни развојни иницијативи во меѓународната средина. Таа се надоврзува на еден од принципите од Стратегија за развој на Универзитетот, односно: „Поттикнување на интензивна меѓународна соработка во сферата на наставната и научно-истражувачката работа како предуслов за вклучување на Универзитетот во европските научно-истражувачки и едукациски процеси.“

Универзитетот се стреми кон континуирано подобрување на истражувањата и наставата, го продлабочува интернационалното присуство и ја зајакнува ефикасноста на мерките што го поддржуваат истражувањето и наставата во таквите интернационални димензии. Способноста за привлекување странски студенти според критериуми и услови е сериозен и прифатлив индикатор за квалитет на универзитетот.

Овие напори за интернационализација се однесуваат на целиот универзитет, иако нивната реална имплементација ќе ги почитува пристапите и искуствата на работа на различните факултети и барањата на европските програми. Затоа сите активности на Универзитетот, особено во образованието и истражувањето, вклучуваат интернационализација во нивните активности и цели.

### Долгорочни цели

- Вклучување на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип во современите текови на меѓууниверзитетска соработка во Европа, регионот и светот;
- Развој на интернационални студиски програми, на прв циклус, како и на втор циклус кои ќе се базираат на стекнатото истражувачко знаење;
- Создавање на студенти кои се подготвени да дејствуваат во други средини и различни култури;
- Подобрување на квалитетот на наставната и научната дејност на Универзитетот;
- Отворање на Центар за странски студенти;
- Зголемување на мобилностите на студентите, наставно-научниот и административно-техничкиот персонал;
- Зголемување на мобилностите на дојдовните студентите, наставно-научниот и административно-техничкиот персонал;
- Лидерство во избрани истражувачки области, соработка со општеството, регионалниот развој и прекугранична соработка.
- Активна улога во универзитетски и институционални мрежи;
- Креирање на интер-културно катче/програма во рамките на одделението за меѓународна соработка;

## 2. Истражување

Истражувањето и размената на знаење ја поддржуваат визијата и мисијата на Универзитетот. Универзитетот активно поддржува меѓународни истражувачки соработки преку кои истражувачите ги рефлектираат сопствените аспирации за да се подобрат меѓународните научни стандарди и да се привлече поголемо внимание кон соодветните дисциплини. Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип има значаен бенефит од овие соработки, па затоа Универзитетот подржува партнерство со најважните институции во светот, од секое поле на истражување, кое преку научна соработка и циркулација на знаењето ќе ги подобри перформансите, достигнувања и ефикасност во областа.

Историски гледано, истражувачките соработки на Универзитетот се најсилни со институции во Европа, соработки што, без сомнение ќе продолжат и во иднината.

Преку оваа стратегијата, Универзитетот подржува соработки во зародиш и дефинира нови потенцијални соработки со водечките институции во Израел, Германија, Кина, Русија и други земји од интерес.

За да се постигне оваа, Универзитетот:

- Ќе ги поддржува соработките со најдобрите светски организации за истражување кои ја делат нашата заложба за високо квалитетни истражувања;
- Ќе го подобрува квалитетот на истражувањето преку соработка со меѓународните институции со цел да се зголеми научното влијание;
- Ќе земе активно учество во меѓународните асоцијации и форуми кои заеднички работат во креирањето на решенија на моменталните светски предизвици.

За реализација на овие приоритети, Универзитетот ќе биде активен субјект во Европската област за високо образование, нудејќи ги своите истражувачи и истражувачки групи и поканувајќи истражувачи од партнерските институции за соработка на повеќе полиња и во рамките на различни иницијативи. Исто така, Универзитетот планира да учествува во повеќе меѓународни проекти во различни програми и прекугранични соработки и заснова истражувачки врски со меѓународни универзитети во ЕУ и во целиот свет.

Интернационализацијата на истражувањето ќе биде потврдена преку публикации, патенти и иновации, учество во ревизии и анализи и учество во голем број проекти.

Преку организирањето на меѓународни конференции, конгреси и стручни советувања ќе го зголемиме нашето влијание на регионален и меѓународен план.

Меѓународната размена во насока на зголемување на истражувањата ќе биде промовирана со краткорочни и долгорочни мобилности. Финансирањето ќе биде обезбедено од европските програми и меѓународни фондови.

## 3. Настава

Следејќи го визијата за интернационализација на универзитетот, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип ќе се заложи за развој на меѓународно конкурентни студиски програми на англиски јазик за додипломски и постдипломски студии. Со ова Универзитетот се обидува да ги подготви сите студенти за барањата на глобалниот и професионален свет.

Програмите ќе ги предаваат професори од Универзитетот и меѓународни гости-предавачи од партнерски универзитети во избрани приоритетни области.

Главниот фокус ќе биде регионален и на државите од Западен Балкан, Турција, Централна, Источна и Северна Европа, додека истовремено Универзитетот ќе се обиде да ја прошири својата активност во Африка, Блискиот исток и Азија. Затоа универзитетот ќе се стреми да обезбеди најдобри можни услови за студирање и административна поддршка на странските студенти.

Главен приоритет на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип ќе биде поттикнување на мобилност на академскиот кадар и студентите. Појдовната и дојдовната мобилност ќе се зголеми преку промотивни активности од страна на Центарот за меѓууниверзитетска соработка и обезбедување дополнително финансирање од меѓународни, европски и национални фондови.

Покрај семестралните студентски размени во иднина работата на Центарот за меѓууниверзитетска соработка работа ќе биде насочена и кон овозможување на дополнителни краткотрајни размени за студентите како што се летни школи, младински размени, тренинг курсеви и контакт семинари.

За да се постигне оваа, Универзитетот:

- Ќе им овозможи на сите студенти да имаат значително меѓународно искуство за време на студиите;
- Ќе ги прошири можностите за студирање на Англиски јазик;
- Ќе го зголеми на бројот на универзитетски интегрирани додипломски и постдипломски студиски програми со Универзитети од регионот и светот;
- Ќе креира нови е-алатки и дигитални програми за зголемување на дојдовните мобилности и видливоста на Универзитетот.

## 4. Партнерства

Партнерствата на Универзитетот се засноваат на билатерални договори, интер-институционални Еразмус + договори, како и партнерства со институции од локално и национално ниво и економски субјекти од интерес. Овие врски се фундаментални за работата на Универзитетот. Тие ја формираат основата за институционално и деловно партнерство и го поддржуваат растот преку долгорочни односи.

Партнерствата со водечки институции и деловни субјекти ја унапредуваат видливоста на Универзитетот и ги прошируваат врските со земјите каде што сакаме да се вклучиме и се суштинска компонента за нашето образовно или истражувачко присуство.

За да се подобри оваа, Универзитетот:

- Ќе ги негува соработките со партнерите од индустријата кои помагаат да се трансформираат нашите идеи и практики во нови технологии и иновации со глобално влијание и примена;
- Ќе се фокусира и придонесе за продлабочување на односите со постојните институционални и деловни партнери во регионот и Европа;
- Ќе ја зголеми интердисциплинарна соработка со партнери на глобално ниво;

Постојните партнерства ќе бидат проширени кон нови полиња и ќе се воспостават нови партнерства од определени области.

Модел за стратешко партнерство моментално во функција со Универзитетот во Овиедо, Шпанија; Универзитетот во Софија; Универзитетот во Клаипеда од Литванија; Универзитетот Смара од Русија; Конзерваториумот за музика Жијан од Кина и неколку други се покажа како особено динамичен двигател за развој и интернационализација на Универзитетот.

Во блиска иднина, мрежата на стратешки партнерства треба да се прошири и да вклучи уште партнери.

## 5. Имплементација и предизвици

За спроведување на стратегијата за интернационализација ќе се применат најдобрите практики на институциите партнери на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, а во согласност со институционалните цели и Стратегијата за развој на Универзитетот од 2019 – 2022 година. Стратегијата мора да биде вградена во сите аспекти на наставата и учењето низ целата институција за да може Универзитетот да се прилагоди кон новите предизвици што ќе произлезат.

Имплементацијата ќе биде централно координирана.

Техничко-административниот кадар исто така треба да биде дополнително обучен за подобрување на нивните меѓународни вештини.

За да се постигне оваа, Универзитетот:

- Ќе ја подигне свест за интернационализацијата и интеркултурноста на универзитетот на сите нивоа и ќе создаде клима на отвореност;
- Ќе ги искористи постојните меѓународни и интеркултурни искуства и вештини на вработените на универзитетот;
- Ќе отвори Центар за странски студенти;
- Ќе се развие концепт за стипендирање на странски студенти;
- Ќе се зголеми мотивираноста на професорите на Универзитетот за предавање на англиски јазик;
- Ќе се развие концепт за финансирање на реномирани професори гости.

Стратегијата за интернационализација редовно ќе се следи и оценува за да се процени дали пристапот ги постигнува своите цели и ги дава придобивките што се очекуваат од истата.

Ќе се развијат статистички индикатори и истражувања за да се поддржи ефикасно следење на интернационализацијата. Целите на интернационализацијата ќе бидат инкорпорирани во сеопфатната стратегија на универзитетот и пошироките процеси за обезбедување квалитет во наставата и зголемување на задоволство на студентите.